PROJECT FACTSHEET

Funded by the European Union

**Унапредување на процесот на идентификација и регистрација на мешаната миграција во Северна Македонија**




**Duration:** 25.11.2024 - 24.11.2028

**Countries:**

North Macedonia

**EU contribution:** € 10 000 000

**Total budget:** € 10 000 000

**Implementer:**

INTERNATIONAL ORGANIZATION FOR MIGRATION

**Website(s):** north-macedonia.iom.int/projects

**Project description:**

Преку проектот „Воспоставување и унапредување на процесот на идентификација и регистрација на мешаната миграција во Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија, ЕУ ги поддржува заложбите на Северна Македонија за зајакнување на безбедноста на нејзините граници и усогласување со европските стандарди.
Иницијативата е фокусирана на подобрување на инфраструктурата за управување со границите и на заштита на човековите права на мигрантите согласно стандардите на ЕУ. Проектот го спроведува Меѓународната организација за миграција (ИОМ) во тесна соработка со Министерството за внатрешни работи на Северна Македонија.
За време на четиригодишниот период на имплементација, проектот ги има следниве цели:
• Подобрување на општата безбедност во Северна Македонија: Зајакнување на системот за управување со границите, со цел унапредување на општата безбедност во земјата;
• Зголемување на безбедноста и заштитата на човековите права: Воспоставување систем за идентификација и регистрација согласно стандардите на ЕУ, со кој ќе се овозможи прецизна идентификација на лицата, намалување на ризикот од шверц на мигранти и подобрување на безбедноста на мигрантите и на локалното население;
• Полесен пристап до заштита за ранливите категории: Обезбедување поефикасен пристап до механизмите

**Expected results:**

Проектот ќе го зајакне технолошкиот капацитет на Северна Македонија за идентификација, регистрација и управување со податоци за мигранти и бегалци, во согласност со стандардите на ЕУ. Дополнително, ќе им помогне на надлежните институции да го унапредат информациско - комуникацискиот систем за миграција и да обезбедат негово непречено и ефикасно функционирање кај сите надлежни органи.